Врз осован на Член 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМакедонија бр. 52/2010 и 135/2011), Член 14 од Стаутот и останатите позитивни законски прописи, Собранието на Федерацијата, на седницата од 21.06.2021 г., го донесе следниот

# С Т А Т У Т
## На ЏИУ-ЏИЦА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје
## (Пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Џиу-Џица Федерацијата на Република Северна Мкедонија Скопје (во натамошниот текст Федерација) е независно невладино здружение на спортки клубови од Република Северна Македонија, кои ја практикуваат боречката џиу-џица вештина.

Член 2

Називот на Федерацијата е: ЏИУ-ЏИЦА ФЕДЕРАЦИЈА на Република Северна Македонија Скопје.

Скратениот назив гласи: ЏИУ-ЏИЦА ФЕДЕРАЦИЈА РСМ

Седиштето на федерациијата е во Скопје, ул. Студеничанска бр. 3.

Член 3

Федерацијата се организира и делува на територијата на Република Северна Мкедонија.

Член 4

Федерацијата е правно лице.

Федерацијата има свој печат и штембил.

Печатото е со кружна форма и го содржи името на Федерацјата: ЏИУ-ЏИЦА ФЕДЕРАЦИЈА на Република Северна Македонија СКОПЈЕ, испишано на македонси јазик и кирилчно писмо, како и на англиски јазик и латинично писмо.

Печатот содржи и лого кое е утврдено со посебна одлука.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 5

Федерацијата е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели и задачи утврдени со овој Статут.

Своите цели, задачи и активности, Федерацијата ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за здруженија и фондации, Законот за спорт и во согласност со овој Статут.

Член 6

Основни цели и задачи на федерацијата се:

- Поттикнување, омасовување, развивање и унапредување на боречката вештина ЏИУ-ЏИЦА во Република Северна Македонија,
- Реализација на утврдената програма за развој на спортот.

Член 7

Федерацијата ги остварува своите цели и задачи преку:

- Усогласување и координирање на програмските активности на здружените членки,
- Организирање и спроведување на системот на натпревари,
- Унапредување на стручната работа,
- Грижа за објектите во кои клубовите ја вршат својата дејност-тренингот,
- Учество и организација на натпревари на меѓународните џиу-џица сојузи и федерации.

Член 8

Федерацијата може да учествува во работата и да се зачленува во други домашни и меѓународни сојузи и федерации.

III. ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 9

Органи на Федерацијата се:

- Собрание,
- Извршен одбор
- Претседател

Член 10

Собранието е највисоко тело на Федерацијата кое го сочинуваат претставници од сите клубови-членови на Федерацијата. Пораj нив членови на собранието можат да бидат и други лица.

Собранието со посебна одлука го утврдува вкупниот број на членови на собранието и бројот на членови-претставници од секој клуб.

Мандатот на членовите на собранието трае четири години со можност за повторен избор.

Член 11

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седници на Собранието свикува Претседателот на Федерацијата по негова иницијатива или по предлог од 1/5 од вкупниот број на членови на собранието.

Ако Претседателот на Федерацијата во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог, не свика седница на Собранието, седницата ја свикуваат иницијаторите.

Вонредното Собрание работи само по оние прашања по кои е свикано.

Член 12

Собранието може да работи ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Со Собранието раководи Претседателство.

Член 13

На Собранието се одлучува со јавно гласање. Секој член на Соранието има право на еден глас.

Собранието одлуките ги донесува со мноинство на гласови од присутните.

Член 14

Собранието на Федерацијата:

- Донесува Статут и врши измени и дополнувања на истиот,
- Донесува Програма за работа на Федерацијата, по предлог на Извршниот одбор,
- Усвојува годишни извештаи и насоки за работа,
- Усвојува и Завршна сметка и Финансиски план,
- Ја одрдува висината на членарината,
- Одлучува за промена на целите и задачите на Федерацијата,
- Донесува одлуки, правилници, заклучоци и препораки за прашања од интерес на Федерацијата и клубовите.
- Одлучува за здружувањње или разделување од други домашни и меѓународни сојузи и федерации,
- Го избира и разрешува Претседателот и Извршниот одбор на Федерацијата,
- Донесува одлука за вклучување и исклучување на член на Федерацијата,
- Донесува одлуки за основање на органи, комисии и други тела на Федерацијата како и правилници, деловници и други правни акти со кои се регулира нивното работење.
- Одлучува за престанок на Федерацијата со двотретинско мнозинство гласови и
- Врши други рботи согласно Законотите и овој Статут.

Член 15

Извршниот одбор на Федерацијата брои 3 члена од кои еден е Претседателот на Федерацијата.

Собранието на Федерацијата ги избира членовите на Извшниот одбор со јавно гласање.

Членовите на Извршниот одбор мораат да бидат и членови на Собранието.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае четири години, со можност за повторен избор.

Член 16

Извршниот одбор на Федерацијата:

- Ја спроведува Програмата, како и одлуките и заклучоците на Собранието.
- Ги подготвува седниците на Собранието,
- Предлага измени и дополнувања на Статутот,
- Го определува стручниот тим и составот на џиу-џица Репрезентацијата на Република Северна Македонија,
- Го организира и спроведува системот на натпревари на клубовите,
- Организира семинари, советувања и други активностси,
- Може да формира Стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа,
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работ,
- Одговара за управувањето со имотот на Федерацијата,
- Донесува одлуки по приговори и жалби,
- Врши други работи согласно Законите и овој Статут.

Член 17

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Федерацијата.

Во остварувањето на прогрмските цели и задачи, утврдени со овој Статут, членовите на Извршниот одбор имаат исти права, обврски и одговорности.

Извршниот одбор работи на седници. Седницие се одржуваат по потреба, а ги свикува и со нив претседава Претседателот на Федерацијата, а во негово отсуство член кој ќе го избере Извршниот одбор.

Член 18

Извршниот одбор полноважно одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината негови членови. Одлуките се донесуваат со јавно гласање, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. Доколку гласовите се изедначени, решавачки е гласот на Претседателот.

Доколку Извршниот одбор не ги исполнува задачите и обврските регулирани со Статутот на Федерацијата, собранието има право да избере нов Извршен одбор и пред истекот на неговиот мандат.

Член 19

Федерацијата има свој Претседател.

Собранието го избира и разрешува Претседателот со мнозинство на гласови од членовите на Собранието.

Член 20

Претседателот има мандат од четири години, со право на повторен избор.

Член 21

Претседателот на Федерацијата ги има следните права и обврски:

- Ја претставува и застапува Федерацијата за прашања од стратешки интерес,
- Ги свикува седниците на Федерацијата,
- Ја следи реализацијата на програмата, се грижи за работата на органите и облиците на дејствување на Федерацијата,
- Го следи спроведувањето на одлуките и заклучоците на Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата ,
- Се грижи за правилна примена на законските прописи од областа на дејностите што ги врши Федерацијата и
- Врши други работи согласно законите и овој Статут.

## IV. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 22

Претседателот ја претставаува и застапува Федерацијата во правниот промет и кон трети лица.

## V. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 23

Член во Федерацијата може да биде секое регистрирно здружение на граѓани-клуб чија основна задача е поттикнување, омасовување, развивање и унапредување на боречката вештина џиу-џица во Република Севрна Македонија и кое поседува дејност спорт издадена од надлежен орган.

Одлука а прием на нови членови донесува Собранието на Федерацијата.

Член 24

Права и должности на клубовите-членови на Федерацијата:

- Да предлагаат кандидати за членови на органите и телата на Федерацијата,
- Да учествуваат во натпреварите и другите активности оргнизирани од Федерацијата,
- Да го почитуваат Статутот на Федерацијата и другите нејзини акти,

Членовите на Федерацијата се должни да ги извршуваат поставените задачи од Федерацијата и да плаќаат годишна членарина во висина утврдена од Собранието на Федерацијата, а по предлог на Извршниот одбор.

Член 25

Членството во Федерацијат престанува со доброволно истапување или со исклучување.

Доброволното истапување од членството се врши со писмена изјава.

Исклувањето од членството се спроведува во следните случаи:

- Непочитување на одредбите на Статутот и другите акти донесени од страна на Федерацијата,
- Превземање на дејствија за уривање на угледот на федерацијата.

Собранието донесува одлука за исклучување на членост.

## VI. СРЕДСТВА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 26

Федерацијата може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

Федерацијата ги стекнува средствата од: членарина, проекти, договори за извршени услуги,, донации, прилои, приходи од трговски друштва и од други извори.

Член 27

Средствата што ги стекнува Федерацијата можат да бидат од физички или правни лица, домашни или странски лица (граѓани на РСМ граѓани на други држави, невладини оргнизации, јавни и приватни друштва, државни и други органи и организации) .

Член 28

Стекнатите средства претставуваат имот на Федерацијата со која располагаат органите на Федерацијата согласно Стстутот и законите.

Средствата претежно се користат за оргниирање на тренинзи, натпревари, стручни советувања, семинари и други стручни собири, печатење на публикации иостварување други цели и задачи.

Ако во работењето на Федерацијата бие остварена добивка (профит) таа мора да биде употребена исклучиво во функција на поддржување и остварување на целилте, задачите и активностите предвидени со овој Статут.

Член 29

Федерацијата може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што се основани со средства на Федерацијата.

Член 30

Претседателот се грижи зза извршување на финансискиот план на Федерацијата.

Член 31

Контрола во наменското користење и располагање со средствата и приходите на Федерацијата врши Собранието, еднаш годишно.

Секоја членка на Федерацијата и член на органите и телата на Федерацијата има право да бара да се изврши увид во користењето на средствата, на приходите и расходите на Федерацијата, во кое било време, а во присуство на овластено лице.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Член 32

Работата на Федерацијата е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на Федерацијата за сите облици на работењето, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештаи за работата и за материјално-финансиското работење.

## VIII. ПРЕСТНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 33

Федерацијата ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Федерацијата, ако бројот на членовите – клубови се намали под три или ако настанат причини утврдени во Закон.

Член 34

По престанок со работа на Федерацијата, имотот и другите права и приходи што остануваат по измирување на обврските, преминуваат во сопсвеносст на трето физичко или правно лице, регистрирано по Законот за здруженија и фондации, согласно одлуката на Извршниот одбот на Федерацијата.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Толквање на одредбите на овој Статут врши Собранието, а помеѓу две седници на собранието, толкувањето го врши Извршниот одбор.

Член 36

Измени и дополнувања на овој Статут се врши по иста постапка како и за негово донесување.

Член 37

Овој Статут влегува во сила со негово донесување.

Член 38

За секоја измена на овој Статут надлежен е Централниот регистр на РСМ.

Скопје 21.06.2021

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Катерина Бошковска
Бошковска

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

МАКЕДОНСКА ЏИУ-ЏИЦА ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ MACEDONIAN JU-JITSU FEDERATION SKOPJE